ЗАПИСНИК

од 9-та седница на Советот на Општина Новаци, одржана на ден 13.03.2026 година, со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во Новаци

На седницата присуствуваа советниците: Илче Трајковски, Горан Велјановски, Весна Котевска, Игор Марковски, Иванчо Петковски, Македонка Соклевска, Ропче Ангелковски, Иванчо Котевски и Васко Секуловски.

Од општинската администрација присутни беа: Стевче Стевановски-Градоначалник на Општина Новаци, Анета Киселоска-Раководител на Одделение за правни, општи и јавни дејности, Оливера Димитровска-Раководител на одделение за финансии, Александра Ангелевска-Помлад соработник, Петар Велјановски-Соработник, Катерина Чукалевска-Советник.

Останати присутни: Јагода Неделкова-Директор на МЈП „Пелалинк“.

Претседателот на Советот Илче Трајковски ја отвори седницата, ги поздрави советниците и го предложи следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работењето и завршна сметка на Општина Новаци за 2025 година;
2. Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работењето на МЈП Пелалинк за 2025 година;
3. Разгледување на предлог-листа за расходување на ситен инвентар и ствари во сопственост на општина Новаци;
4. Разгледување на предлог-листа за давање на трајно користење на инвентар и ствари кои се дадени во други објекти и институции;
5. Разгледување и донесување на Одлука за утврдување на приоритет - Изградба и осветлување на пешачка патека во с.Зовиќ;
6. Разгледување и донесување на Одлука за утврдување на приоритет - Изградба на осветлување на Индустриска Новопроектирана улица 3 Општина Новаци;
7. Разгледување и донесување на Одлука за утврдување на приоритет - Инсталација на фотоволтаичен систем за производство на електрична енергија за сопствени потреби на ООУ „Славко Лумбарковски,, Општина Новаци;
8. Разгледување и донесување на Одлука сопствено учество во проект - Изградба и осветлување на пешачка патека до мостот во с. Зовиќ, Општина Новаци;
9. Разгледување и донесување на Одлука сопствено учество во проект - Изградба на осветлување на Индустриска Новопроектирана улица 3;
10. Разгледување и донесување на Одлука сопствено учество во проект - Инсталација на фотоволтаичен систем за производство на електрична енергија за сопствени потреби на ООУ „Славко Лумбарковски“ – с.Новаци;
11. Разгледување и донесување на Одлука сопствено учество во проект - Подобрување на енергетската ефикасност преку инсталирање на топлинска пумпа во ООУ ,,Славко Лумбарковски,, во Општина Новаци;
12. Разгледување на Барање од Марина Наумовска од с.Новаци;

13. Разгледување на Барање за донација за манастир св.„Димитрија“ с.Брник;

14. Разгледување на Барања за еднократна парична помош;

15. Советнички прашања;

Претседателот предложи измена и дополнување на дневниот ред и тоа:
-Разгледување и усвојување на Извештај за извршен попис на побарувањата, обврските, и паричните средства во благајната на Општина Новаци за 2025 година, како точка бр.15;
-Разгледување на Решение за разрешување на член на Надзорен одбор на ЈОУДГ „Бамби“ Новаци, како точка бр.16;
Точката 15.Советнички прашања ќе стане точка бр.17;

Предложениот дневен ред со дополнувањата, советниците го усвоија со **9 гласа ЗА.**

Точка 1 Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работењето и завршна сметка на Општина Новаци за 2025 година;

Советот го разгледа целокупниот доставен материјал по однос на Годишниот извештај за работењето на Општина Новаци и завршната сметка на Општина Новаци за 2025 година. Раководителот на одделението за финансии, Оливера Димитровска детално го образложи Годишниот извештај и завршната сметка на Општина Новаци за 2025 година. Планирани се 208.261.376 денари приходи со остварување од 193.518.494 денари, а расходите се планирани во износ од 228.064.985 денари со остварување од 191.838.846 денари. Отплатата на главнината е со износ од 1.696.288 денари.Салдото на 31.12.2025 година е со износ од 25.043.502 денари. Салдодто на наменската дотација е 59.077 денари. Салдото на донации е 428.970 денари. Обврските се со износ од 55.195.576 денари и тоа кон добавувачи во висина од 53.294.716 денари и за плати во висина од 1.883.819 денари. Вкупниот процент на остварување на буџетот на Општина Новаци изнесува околу 89 %.
Од оваа точка ќе произлезат три одлуки и тоа: одлука за усвојување на Годишен извештај за работењето на општина Новаци, завршна сметка на општина Новаци и одлука за донесување на завршна сметка на општина Новаци.
По образложувањето на годишниот извештај и завршната сметка од страна на Оливера Димитровска претседателот Илче Трајковски ја стави точката на гласање.

Точката беше изгласана со **7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАН.**

Точка 2 Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работењето на МЈП Пелалинк за 2025 година;

Советниците го разгледаа целокупниот доставен материјал по однос на Годишниот извештај за работењето и завршната сметка на МЈП “Пелалинк” за 2025 година. Директорката на МЈП “Пелалинк”, Јагода Неделкова детално го образложи Годишниот извештај и завршната сметка на претпријатието истакнувајќи дека вкупниот приход на претпријатието изнесува 13.612.103 денари од кои: 7.467.998 денари се приходи од редовно работење со училиштата и слободен превоз а 6.144.105денари се приходи од субвенции. Вкупни расходи на претпријатието изнесуваат 11.462.408 денари од кои: 3.151.152денари се трошоци за суровини и материјали (гориво, поправки и одржување на возилата, набавка на гумии канцелариски материјали) , 252.288денари за материјални трошоци (огласи, технички преглед и регистрации на возилата), 573.262 денари за останати трошоци (осигурување) и 7.438.725денари трошоци за плати и надоместоци и социјално осигурување на вработените.

Таа кажа дека претпријатието во текот на изминатата година работи стабилно и со позитивен финансиски резултат. Позитивниот резултат се должи на зголемениот обем на работа, особено во делот на слободниот превоз, што придонесува за зголемување на приходите и подобро искористување на капацитетите на претпријатието. По образложението точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАН.**

Точка 3 Разгледување на предлог-листа за расходување на ситен инвентар и ствари во сопственост на општина Новаци;

Предлог листата за расходовње на ситен инвентар и ствари во сопственост на општината беше разгледана од страна на советниците. Раководителката Анета Киселоска објасни дека во оваа листа се ставени инвентар и ствари на кои им изминал рокот на траење и кои се во лоша физичка состојба. Бидејќи немаше дополнителни прашања од страна на советниците, претседателот ја стави точката на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 4 Разгледување на предлог-листа за давање на трајно користење на инвентар и ствари кои се дадени во други објекти и институции;

Раководителката Анета Киселоска слично како и за предходната точка објасни дека во оваа листа се содржани инвентар и ствари кои се дадени на користење во други институции но сеуште се водат како дел од пописната листа на општина Новаци. Со оваа одлука тие ќе се одстапат на институциите каде што се дадени на користење и нема да бидат дел од пописната листа на Општина Новаци. Претседателот ја стави точката на гласање и истата беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 5 Разгледување и донесување на Одлука за утврдување на приоритет - Изградба и осветлување на пешачка патека во с.Зовиќ;

Градоначалникот објасни дека дека по предходно распишан повик од страна на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој, општина Новаци планира да аплицира за неколку проекти кои би се реализирале со сопствено кофинансирање. За дел од тие проекти потребно е Советот на Општината да донесе одлука за утврдување на приоритет за продолжување на постапката. Таква е оваа одлука со која советот би утврдил приоритет на проект за изградба и осветлување на пешачка патека во с.Зовиќ. Претседателот ја стави точката на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 6 Разгледување и донесување на Одлука за утврдување на приоритет - Изградба на осветлување на Индустриска Новопроектирана улица 3 Општина Новаци;

Слично како и кај предходната точка, Градоначалникот даде објаснување дека и за овај проект потребно е да се донесе одлука од страна на Советот за утврдување на приоритет со што би започнала постапката за аплицирање. Претседателот ја стави точката на гласање и беше донесена одлука со **9 гласа ЗА.**

Точка 7 Разгледување и донесување на Одлука за утврдување на приоритет - Инсталација на фотоволтаичен систем за производство на електрична енергија за сопствени потреби на ООУ „Славко Лумбарковски,, Општина Новаци;

Како и за предходните две точки Градоначалникот даде објаснување дека и за овај проект потребно е да се донесе одлука од страна на Советот за утврдување на приоритет со што би започнала постапката за аплицирање. Претседателот ја стави точката на гласање и беше донесена одлука со **9 гласа ЗА.**

Точка 8 Разгледување и донесување на Одлука сопствено учество во проект - Изградба и осветлување на пешачка патека до мостот во с. Зовиќ, Општина Новаци;
Градоначалникот објасни дека овај е еден од проектите со кој општината ќе аплицира до Бирото за регионален развој како дел од проектот за развој на специфични подрачја. Општината за реализација на овај проект би учествувало со кофинансирање од 10 до 15% . Претседателот ја стави точката на гласање и беше усвоена со **7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАН.**

Точка 9 Разгледување и донесување на Одлука сопствено учество во проект - Изградба на осветлување на Индустриска Новопроектирана улица 3;
Градоначалникот објасни дека овај е еден од проектите со кој општината ќе аплицира до Бирото за регионален развој како дел од проектот за развој на селата. Општината за реализација на овај проект би учествувало со кофинансирање од 10 до 15% . Претседателот ја стави точката на гласање и беше усвоена со **7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАН.**

Точка 10 Разгледување и донесување на Одлука сопствено учество во проект - Инсталација на фотоволтаичен систем за производство на електрична енергија за сопствени потреби на ООУ „Славко Лумбарковски“ – с.Новаци;
Градоначалникот по однос на оваа точка даде објаснување дека овај е еден од проектите со кој општината ќе аплицира до Министерството за локална самоуправа. Тој кажа дека висината со која учествува Министерството за локална самоуправа за реализација на овај проект е околу 4.500.000 денари и дека остатокот од средствата за реализација на проектот ќе ги покрие Општина Новаци. Претседателот ја стави точката на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 11 Разгледување и донесување на Одлука сопствено учество во проект - Подобрување на енергетската ефикасност преку инсталирање на топлинска пумпа во ООУ ,,Славко Лумбарковски,, во Општина Новаци;
Исто како и кај предходните точки, градоначалникот објасни дека оваа одлука се однесува за проект за која реализација општината ќе треба да финансира дел од средствата и дека за овај проект ќе аплицира Пелагонискиот Плански регион. Тој исто така кажа дека исто како и останатите проекти и овај проект е од големо значење за општината. Претседателот ја стави точката на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 12 Разгледување на Барање од Марина Наумовска од с.Новаци;
Барањето беше разгледано од страна на советниците и претседателот појасни дека барањето е поднесено од лице во социјален ризик и се однесува за направена штета во нива. Градоначалникот даде предлог Општината да му даде работен налог на Комуналното претпријатие ЈПКД ,,Комунална хигиена“ Новаци за санирање на штетата. Предлогот беше ставен на гласање и беше усвоен со **9 гласа ЗА.**

Точка 13 Разгледување на Барање за донација за манастир св.„Димитрија“ с.Брник;
Претседателот го прочита барањето пред присутните и констатира дека барањето не е комплетно со потпис и печат од црковниот одбор кој е подносител и не е прецизирано што се бара конкретно. Претседателот предложи да се контактира подносителот и да се извести за истото да се докоплетира па потоа да се разгледува на некоја наредна седница. Предлогот на претседателот да се отфрли барањето беше усвоен со **9 гласа ЗА.**

Точка 14 Разгледување на Барања за еднократна парична помош;
Претседателот ги прочита барањата за еднократна парична помош кои беа на дневен ред на Комисијата за еднократна парична помош. Комисијата за еднократна парична помош предложи:

1. Барање за финансиска помош од лицето Ангел Стевановски од с.Добромири, да се доделат финансиски средства во износ од 20.000денари.

Точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

2. Барање за финансиска помош од лицето Лине Трајковска од с.Рапеш, да се доделат финансиски средства во износ од 20.000денари.

Точката беше ставена на гласање и беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

3.Барање на финансиска помош за настаната штета од Зоран Ангелевски од с.Новаци, да се доделат финансиски средства во износ од 20.000денари.

Советниците го разгледаја повторно барањето и се дискутираше по однос на ова барање. Советничката Македонка Соклевска праша дали советот има право да одобрува финансиски средства за вакви барања. Претседателот му објасни дека според правилникот за доделување финансиски средства за еднократна парична помош , советот има право да одобри средства за настаната штета. Градоначалникот се изјасни дека општината нема доволно финансиски средства за да ги одобрува ваквите барања и дека нема основ за да се исплати истото. Претседателот кажа дека и предходно имаше вакво барање со слична содржина кое беше одобрено. Советникот Васко Секуловски се изјасни дека барањето е комплетно и бидејќи беше едногласно изгласано на комисијата за ЕПП треба да се одобри. Советникот Иванчо Котевски се изјасни дека нема ништо против одобрувањето на финансиска помош за ова барање но во иднина би можело да има многу вакви слични барања кои би биле товар за буџетот на општината. Советникот Ропче Ангелковски постави прашање до претседателот зошто барањето е поднесено во 2026 година а штетата била направена во 2024година. Претседателот одговори дека барањето е сега поднесено и затоа сега се разгледува на оваа седница. По дискусијата претседателот ја стави точката со барањето на гласање и барањето беше одбиено со **1 глас ЗА и 2 ВОЗДРЖАН.**

Точка 15 Разгледување и усвојување на Извештај за извршен попис на побарувањата, обврските, и паричните средства во благајната на Општина Новаци за 2025 година; Раководителката Анета Киселоска објасни дека материјалот беше доставен и разгледан на предходната седница но не се гласаше посебно за усвојување на Извештај за извршен попис на побарувањата, обврските, и паричните средства во благајната на Општина Новаци за 2025 година. Претседателот ја стави точката на гласање и истата беше усвоена со **9 гласа ЗА.**

Точка 16 Разгледување на Решение за разрешување на член на Надзорен одбор на ЈОУДГ „Бамби“ Новаци;

Раководителката Анета Киселоска образложи дека еден од членовите на Надзорниот одбор на ЈОУДГ „Бамби“ Новаци кој беше назначен на предходната седница нема соодветно образование според закон и дека треба да се разреши. Претседателот предложи членот Александра Котевска да биде разрешена од член на надзорен одбор на ЈОУДГ „Бамби“ Новаци. Точката беше усвоена со **7 гласа ЗА и 2 ВОЗДРЖАН.**

Точка 17 Советнички прашања;

Претседателот-Илче Трајковски праша дали советниците имааат советнички прашања. Советникот Иванчо Котевски предложи да се понуди на некои семејства од социјален ризик да се преселат во општинските објекти.

Советничката Македонка Соклевска даде неколку предлози

- да се направи пешачка патека од с.д.Агларци до с.г.Агларци.
- да се контролира квалитетот на оброците во училиштето ООУ „Славко Лумбарковски“ и да се реагира за да се подобри квалитетот.

Советникот Иванчо Петковски предложи да се побара од Рек-Битола да донира средства за рехабилитација на учениците од ООУ „Славко Лумбарковски“.

Претседателот Илче Трајковски на овај предлог одговори дека веќе е разговарано за оваа тема и за скоро време би требало да се реализира.
Претседателот на совет-Илче Трајковски побара на некоја наредна седница да се повикаат представници од советот на родители на ООУ „Славко Лумбарковски“ Новаци и да се стави нивното барање за униформи на учениците на дневен ред.

Бидејќи немаше повеќе советнички прашања и предлози, Градоначалникот ја повика Катерина Чукалевска-вработена во општината, да им го презентира планот и активностите околу денот на општината односно 30-годишниот јубилеј.
Катерина Чукалевска ја прочита агендата за сите денови и им објасни на советниците во кои денови кои активности се планирани да се изведат и побара доколку имаат некои предлози и идеи советниците да се изјаснат. Некои од советниците дадоа идеи околу доделувањето на признанија на фирми и компании соработници на општината и истите беа запишани.
По завршувањето на дискусијата околу јубилејот-денот на Општина Новаци, Катерина Чукалевска им кажа на советниците дека доколку се заинтересирани можи да се пријават и да учествуваат на форум организиран од УНДП за општински совети. За финансиите околу форумот таа кажа дека со 20% учествува општината а 80% е донација. На крајот од форумот ќе треба советниците да изработат проект. Таа им кажа на советниците за подетални информации да се обратат кај неа.

Претседателот на совет-Илче Трајковски праша дали има други прашања или предлози. Бидејќи немаше, тој ја затвори седницата.

Седницата заврши во 13:30 часот.

Записничар
Александра Ангелевска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Илче Трајковски